Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-3174/1
датум 20-12-2024

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД СТРУГА

Министерот за правда со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.

**Комисијата за надзор на ден 07.11.2024 година** во **10:30** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во **Основен суд Струга** за контролниот период од **2020 до 2024** година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2019 година до 2024 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Вулнет Винца и судскиот администратор Ристо Настовски. Претседателот на судот Вулнет Винца е избран на ден 06.11.2024 година, кој во периодот од февруари 2024 година до изборот извршувал должност на вд претседател. Во периодот од 2019 година до 2023 година претседател на суд бил судијата Ифет Бајрамовски.

Зградата на судот е нова и ги исполнува стандардите за работа, а во еден дел се сместени просториите на обвинителството, кое за своите простории учествува со свој дел во заедничките режиските трошоци на зградата.

ПРЕПОРАКИ ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СУДОТ СО ПРОШИРЕНА НАДЛЕЖНОСТ

Во судот нема доволно судии за да се овозможи реална автоматска распределба на предмети. Во судот има само двајца судии, а со делегирани судии вкупно има 5 судии заедно со претседателот на судот, согласно што е на ниво на суд со основна надлежност.

**Судскиот совет да направи итен избор на судии со цел да се овозможи пополнетост на судот со судии.**



Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Судскиот совет и Судскиот буџетски совет да извршат соодветни барања до Министерството за финансии да се овозможи вработување на минимален капацитет во судовите (минимална пополнетост од 75% од систематизација) под кои не може судот да опстои за навремено постапување по предметите. Министерството за финансии задолжително да овозможи минимална пополнетост од 75% во судовите, во спротивно одговорноста за ненавремено испорачување на правдата да ја сноси Владата на Република Северна Македонија, пред Собранието на Република Северна Македонија. Доколку судовите се пополнети со минималниот процент од 75% и не успеат да го совладаат приливот на предмети и не овозможат ажурност на судот, претседателот на судот да одговара дисциплински пред Судскиот совет, судскиот администратор пред претседателот на судот, а судските службеници дисциплински пред судскиот администратор.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Судот редовно донесува програма за работа.
Увид во Су.бр.41/20 од 31.01.2020, Су-04.бр.37/20 од 14.12.2020, Су-04.бр.49/21 од 29.12.2021, Су-04.бр.72/22 од 26.12.2022, Су-04.бр.50/23 од 26.12.2023.

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во судот постапуваат 4 судии и претседателот на судот. Само двајца судии се избрани во Основниот суд Струга и тоа Соња Ѓонческа и Танче Петрески кои постапуваат во граѓански предмети, претседателот на судот е делегиран од Основниот суд Охрид, а двајца судии се делегирани од новите избрани судии со завршена Академија за судии и јавни обвинители, односно еден судија е делегиран од Основниот граѓанскиот суд Скопје и еден судија од Основниот кривичен суд Скопје, а кои постапуваат по предмети од основна надлежност. Во последните 3 години во судот нема повеќе од 5 судии и од овие причини не се формираат судски оддели и не се одржуваат седници на оддели. Нема судии кои постапуваат по кривични предмети за кои е предвидена казна над 5 години, бидејќи делигираните судии Јордан Јованов и Надица Митреска поради судиски стаж помал од 2 години,

согласно член 38-а од Законот за судовите постапуваат само во кривични предмети за кои е предвидена казна затвор до 5 години. Поради тоа предметите по поднесени обвинителни акти, врз основа на одлука на Апелациониот суд Битола, се препраќаат на постапување во надлежност на други судови од Апелационото подрачје.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

За 2019 година: СУ.бр.103/18 од 28.12.2018 година менуван три пати: СУ.бр.103/18-1 од 01.07.2018, СУ.бр.103/18-2 од 24.10.2019 година, СУ.бр.103/18-3 од 17.12.2019 г.
За 2020 година: СУ.бр.263/19 30.12.2019 година три пати менуван: СУ.бр.263/19-2 од 01.07.2020 , СУ.бр.263/19-3 од 29.09.2020 и СУ.бр.263/19-4 од 09.10.2020г.
Во 2021 година СУ.бр.173/20 од 30.12.2020 година трипати менуван под ист СУ број на ден 03.03.2021 година, 01.07.2021 година и на ден 22.10.2021 година под СУ.бр.173/20-4.
Во 2022 година годишниот распоред е донесен на ден 30.12.2021 година СУ.бр.151/21, а изменет два пати и тоа: на 20.06.2022 и 08.07.2022 година.
Во 2023 година годишниот распоред СУ.бр.185/22 е донесен на ден 29.12.2022 година, а потоа изменуван и дополнуван 5-пет пати на 01.02.2023 година под СУ.бр.185/22-1, 29.03.2023 година СУ.бр.185/22-2, 23.08.2023 година под СУ.бр.185/22-3, 04.10.2023 година под СУ.бр.185/22-4 и 31.10.2023 година под СУ.бр.185/22-5.
За 2024 година: СУ.бр.285/23 од 26.12.2023 година, изменет пет пати и тоа СУ.бр.285/23-1 од 07.02.2024 година (заминување на еден судија претходно делегиран на 1 година од Основен суд Охрид), СУ.бр.285/23-2 од 13.02.2024 година (заминување во пензија на претседател на суд Ифет Бајрамоски и назначување на нов ВД Претседател на судот Вулнет Винца), СУ.бр.285/23-3 од 09.08.2024 година (заминување во пензија на судијата Светлана Попоска), СУ.бр.285/23 -4 од 03.10.2024 година (заминување на судијата Пајтим Машкули времено делегиран од Основен граѓански суд Скопје) и СУ.бр.285/23-5 од 28.10.2024 година (заминување на судијата Надица Митреска, времено делегирана од Основен кривичен суд.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Планот за годишен одмор на судиите опфаќа повеќе акти кои се донесуваат од страна на Претседателот на судот пред започнување на судската ферија и тоа решенија за годишен одмор, распоред на дежурства и распоред за постапување во

групи. План за годишен одмор на судската служба редовно се донесува и од страна на Судскиот администратор.

### 5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица

Нема формирано служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот е вработен само еден информатичар кој е Советник на ИТ одделение. Согласно планот за вработување за 2024 година дозволено е унапредување во звање Раководител на оддел за информатика, кој доколку се реализира ќе се формира посебна служба, за што е потребно да има најмалку 3-тројца вработени со цел да се формира оддел.

### 6. Формиран оддел за судска практика во судот

Поради состојбата на немање на судии, односно во Основен суд Струга има двајца редовно избрани судии, не може да се формира оддел за судска практика. Во последниот годишен распоред се назначува судија Танче Петрески за одговорен за судската практика во судот.

### 7. Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)

Формирана е канцеларија за односи со јавноста, за одговорно лице за односи со јавност е назначена судија Соња Ѓонческа.

### 8. Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)

Судскиот администратор на Основен суд Струга е Ристо Настовски кој раководи со Работното тело за управување со движење на предметите, донесува распоред за работата на судската служба, распореди за работа во време на годишните одмори, како и план за работа за време на одмори. Судскиот администратор е назначен и за службено лице за посредување со информации од јавен карактер од 2014 година, при што редовно се постапува и се доставуваат годишни извештаи до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.
**Во судот се пополнети 50 од 120 работни места по систематизација, односно околу 42% пополнетост.**

### 9. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 год.

Службени белешки за надзор имаат за 2024 и за 2020 година. Увид во Су 170/2024 од 31.10.2024 година.

**10. Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници:**

Увид во Су бр. 20/24. На месечно ниво од страна на Претседателот на судот се закажуваат седници на судии. Во 2020 година одржани биле две седници на судии, на ден 30.01.2020 година под СУ.бр.25/20 и СУ.бр.62/20 од 16.03.2020 година , во 2021 година одржани се 4 седници на судии и тоа: на ден 27.01.2021 година под СУ.бр.15/21, СУ.бр.28/21 од 16.02.2021 година, СУ.бр.60/21 од 07.07.2021 година и СУ.бр.144/21-1 од 13.12.2021 година, во 2022 година одржани се 4 седници на судии: на ден 25.01.2022 година - СУ.бр.14/22, СУ-03.бр.293/22 од 14.03.2022 година, СУ.бр.70/22 од 04.07.2022 година и СУ.бр.183/22 од 26.12.2022 година, во 2023 година одржани 2 седници на судии: СУ.бр.17/23 од 17.01.2023 година , СУ.бр.112/23 од 28.02.2023 година и 15.06.2023 година, во 2024 година одржани се 2 седници на 29.01.2024 година под СУ.бр.20/24 и на 08.02.2024 година под СУ.бр.41/24.

**11. Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Заради мал број на судии во Основниот суд во Струга во 2024 нема формирано судски оддели, поради што не се одржуваат седници на оддели или пак заедничка седница на судски оддели. (чл. 66, 67, 68 и 69 од СД).
Во 2021 имало доволно судии за оддел и биле одржани седници, увид во Су бр. 12/21. Последно се одржани две седници на граѓански оддел во 2021 година на 20.01 и 16.02.2021 година.

**12. Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Одговорено под точка 10.

**13. Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Претседателите на Основниот суд Струга редовно доставуваат и поднесуваат извештај за програмата за работа и извештај за работа на претседателот на судот до повисокиот суд и судскиот совет. Увид во Су 03.бр.165/21 од 17.02.2021 година.

Доставени извештаи до Судскиот совет за реализација на програмата за работа на судот:

- 2020 доставен е на ден 07.02.2021 година под СУ-03.бр.165/21
- 2022 доставен е на ден 06.02.2023 година под СУ-03.бр.146/23.
- 2023 доставен е на ден 30.01.2024 година под СУ-03.бр.144/24

**14. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети –**

СУ.бр.29/20, СУ.бр.16/21, СУ.бр.15/22, СУ.бр.23/23 и СУ/24.

**15. Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Струга за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 година**

Редовно се подготвува извештај за надзор од повисокиот суд.

**16. Надзор над работата на нотарите.**

Во периодот од 2019 до 2023 година извршен е надзор над работата на нотарите во 2020 година и тоа со записник и извештај под СУ-06.бр.4/2020 од 10.03.2020 година, СУ-06.бр.4/20 од 12.03.2020 година, СУ-06.бр.5/20 од 10.03.2020 година, СУ-06.бр.6/20 од 19.03.2020 година и СУ-06.бр.6/20 од 23.03.2020 година

ПРЕДЛОЗИ и ЗАБЕЛЕШКИ ОД СУДОТ

Архивата од нотарите кои заминуваат во пензија останува во судот. Проблеми со архивата се појавуваат бидејќи нема нови вработени во судот, архивар не е вработен повеќе од 10 години.

Судски буџетски совет не дава согласност за пополнување на сите испразнети места по основ на пензионирање. Судот доставува барање за пополнување на работни места, но истото е предмет на ревидирање и намалување на бараните места.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

### 17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)

Информатичарот и судските службеници имале организирани обуки преку Академијата за судии и јавни обвинители.
Обуките на вработените ги извршува информатичарот и тоа по потреба кога има нови вработени или новитети во системот.
Била извршена и еднодневна обука за тонско снимање од фирмата изведувач, а по потреба информатичарот ги обучува судските службеници/соработници, додека судиите одбиваат да слушаат обука за тонско снимање.

### 18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

ИТ опремата во судот е поприлично стара, но се со оперативни системи Windows 10 и Windows 11. Постојат работни станици за секој судија, нов сервер на кој е мигриран АКМИС системот.
Имаат мрежни печатари во ходниците на судот кој ги користат сите судии, додека дактилографите/судските службеници имаат засебни печатари.
Постојат два нови скенери во писарниците (граѓанска и кривична).

### 19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Согласно со измената на персонал, се менуваат и корисничките групи во работата на судиите во судот.
Извршен беше увид во списоците за контролниот период и констатирано беше дека во судот се внесуваат како акти сите списоци во АКМИС системот.
2020: СУ.бр. 48/20 (19.02.2020)
2021: СУ.бр. 8/21 (13.01.2021)
2022: СУ.бр. 11/22 (13.01.2022)
2023: СУ.бр. 7/23 (13.01.2023)
2024: СУ.бр. 43/24-1 (14.02.2024)

### 20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

После извршениот увид, констатирано е дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Извршен е увид на месечните календари за дежурства за периодот од 2020 до 2024 година во АКМИС системот.
Месечните распореди на дежурства ги креира и внесува Судскиот администратор. Дежурствата за 2024 година се внесени во календарот на дежурства (**СУ-258/23 – за 2024**), но не се внесени за периодот од 2020 до 2023 година. За периодот од 2020 до 2023 дежурствата единствено се внесувале во календарот на дежурства во АКМИС системот само по пристигнување на предмет за да може да се додели тој предмет на дежурниот судија преку АКМИС и за време на годишните одмори.

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи во сите писарници.

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

24. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба напредмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Автоматска распределба и прераспределба се врши во писарниците. Уписничарите ја извршуваат автоматската распределба за секој оддел засебно. Прераспределбата ја вршат уписничарите со помош на информатичарот. Администратор на АКМИС системот е информатичарката во судот Мимоза Алиу.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (175 став 5 СД)**

Одлуките беа дадени на увид во хартиена форма (Су 167/24 Су 150/24 Су 11/24), меѓутоа не се внесени во АКМИС системот.

| |
|---|
| ПРЕПОРАКА: Да се внесат одлуките во АКМИС. |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

26. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на судија од 2020-2024 година, одбрани по случаен избор. Констатирано е дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот. По случаен избор беше направен увид во следните одлуки:
СУ-ИЗЗ – 85/24, СУ-ИЗЗ – 7/23, СУ-ИЗЗ – 5/22, СУ-ИЗЗ – 22/21, СУ-ИЗЗ – 11/20.

По укажување од повисокиот суд дополнително изземањата се водат посебно.

27. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година.**

Увид во СУ-бр.119/2024 од 26.07.2024 година, рачна прераспределба поради постапување на судија во претходна постапка.
Одлука Су 157/24 од 09.10.2024 година за рачна распределба преку АКМИС побарано образложение од судот.
**Образложение од судот:** По ваквата одлука на Претседателот за рачна распределба на предметот КПП-58/24 не е постапено, ниту е превземено некое дејствие во АКМИС системот, бидејќи е направен превид на Претседателот на судот, односно КПП 58/24 е решен предмет и тој добива понатака нов предмет во кривичен совет по службена должност и тоа под под КС.бр.30/24. Во суштина не е направена рачна прераспределба, иако е донесена ваква одлука.

Одлука Су 157/24 од 09.10.2024 година – рачна преку АКМИС (распределбата на предметот П2 69/24-времена мерка е направена рачно со цел да се спои кон предметот П2 68/24 оформен по поднесена тужба, за ист правен основ и исти странки.

| ПРЕПОРАКА |
| --- |
| Судот да внимава на распределбата и прераспределбата од формален аспект во њето на одлуките и во АКМИС. Доколку е потребна дополнителна обука на уписничарите или информатичарите да се изврши.<br>Во одлуката прераспределбата треба да биде извршена преку АКМИС, а не на конкретен судија наведен во одлуката, дури и кога е само еден судија. |

## 28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)

Комисијата изврши увид во АКМИС за случајно одбрани предмети од 2020 до 2024 година:

- К-3156/24- Поднесен, примен и заведен на ден 17.09.2024, примен од страна на судија на ден 18.09.2024, на автоматска распределба
- К-88/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 13.07.2023, примен од страна на судија на ден 01.11.2023, на автоматска распределба 13.07.2023 (14:01 часот) – на ден 16.10.2023 прераспределба со одлука СУ 167/23
- К-123/22 - Поднесен, примен и заведен на ден 27.06.2022, примен од страна на судија на ден 26.07.2022, на автоматска распределба (14:05 часот) – одлуки за изземање прераспределба автоматски 3 пати врз основа на СУ.бр.123/22, СУ.бр.125/22, СУ.бр.51/23 и Су-ИЗЗ.бр.9/23.

**Образложение од судот:** К-123/22, одлуката за прераспределба под СУ.бр.125/22 се однесува на прераспределба на предметот од судијата Живко кој е единствен судија согласно распоред, во случај на негово изземање, согласно распоредот се вклучуваат останатите судии од кривичен оддел и на тој начин е распределен автоматски на судијата Светлана Попоска. Потоа судијата Светлана Попоска бара изземање од постапување по предметот со изјава, со одлука на Претседателот на судот истата е изземена (Су-ИЗЗ.бр.9/23), после што повторно со автоматска распределба одлука СУ.бр.51/23, предметот е прераспределен на судијата Вулнет Винца.

ПРЕПОРАКА
Судот да внимава на изземањата, распределбата и прераспределбата. По увидот во предметите по случаен избор, предлагаме ако има повеќе изземања во еден предмет за истото да се достави извештај до Врховниот суд, кој ги следи изземањата во судовите.

- ПРК-Ј-17/21 - Поднесен на ден 09.01.2021 во полиција во МВР, примен и заведен на ден 25.03.2021, примен од страна на судија на ден 26.03.2021, на автоматска распределба (14:05 часот)
- П1-2762/20 - Поднесен, примен и заведен на ден 07.09.2020, примен од страна на судија на ден 04.10.2021, на автоматска распределба (14:05 часот) – прераспределба


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

- П2-14/20, Поднесен, примен и заведен на ден 21.02.2020, примен од страна на судија на ден 25.02.2020, на автоматска распределба (14:05 часот)

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во 11:10 часот на денот на надзорот внесен е 1 предмет во Кривичен оддел кој е автоматски распределен на судија бидејќи само еден судија постапува по тој уписник КСП.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма -** НЕМА

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Тонското снимање се користело до 2022 година, редовно од страна на двајца судии, до 2023 година тонското снимање се користело од страна на само еден судија. Надградена е опремата за тонско снимање, но по надградбата не се користи тонското снимање. Три судници се опремени со аудио опрема за тонско снимање на рочиштата.

**32. Електронска достава се врши. Бројот на предмети кои се доставени електронски по години:**

2020 година биле доставени 1143 акти, 2021 - 1286 акти, 2022 - 1291 акт, 2023 - 1420 акти и 2024 година заклучно со 31.10.2024 година 1087 акти.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (член 16 СД)**

Су 263/19, со измени Су бр.263/19-1 до -4 ; Су 173/20-1 ; Су 7/22 ; Су 2/23 од 04.01.2023 година ; Су 6/24 , Су 137/24

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година по предлог на работното тело**

Су 47/20, Су бр.7/21, Су бр.10/22, Су бр.6/23, Су бр. 43/24-2


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**35. Внатрешни процедури**

за 2020 година под СУ.бр.48/20 од 19.02.2020 година, за 2021 година под СУ.бр.8/21 од 13.01.2021 година, за 2022 година под СУ.бр. 11/22 од 13.01.2022 година, за 2024 година СУ.бр.7/23 од 13.01.2023 година.

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС) -**

Месечните извештаи на Работното тело редовно се доставуваат, на барање од Комисијата дополнително беа доставени следните податоци: Во 2019 година по месеци се заведени под СУ-07.бр. 3/19, 7/19, 10/19, 12/19, 18/19, 22/19, 32/19, 38/19, 40/19, 43/19, 1/20. Во 2020 година по месеци се заведени под СУ-07.бр 6/20, 13/20, 15/20, 16/20, 17/20, 20/20, 23/20, 31/20, 33/20, 35/20, 1/21., Во 2021 година по месеци се заведени под СУ-07.бр.6/21, 8/21, 10/21, 13/21, 16/21, 19/21, 23/21, 28/21, 30/21 34/21, 2/22., Во 2022 година по месеци се заведени под СУ-07.бр.12/22, 16/22, 18/22, 19/22, 21/22,26/22, 30/22, 34/22,43/22,54/22, 3/23., Во 2023 година по месеци се заведени под СУ-07.бр.4/23, 5/23, 8/23, 11/23, 14/23, 16/23, 19/23, 22/23, 23/23, 1/24.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Јавноста се информира преку веб страната со објавување на месечни, квартални и годишни извештаи за работата на судот.

**38. Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот. Видео дисплеите за истакнување распореди за судењата не се во функција.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати**

Нема простории за судии поротници и адвокати, поради зафатен простор за сместување на архивата на нотарите кои се пензионирани. Во тек е постапка за преземање на простории од Државното правобранителство и ослободување на просториите на прв кат за канцеларија за судии поротници и адвокати.

### 40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2020,2021,2022, 2023 и 2024 година.

Редовно се објавуваат на веб страната на судот. После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

### 41. Архива

Архивата релативно се води уредно. Судските предмети кои имаат трајна вредност се чуваат во соодветни простории, додека архивата која е предадена од пензионираните нотари се чува во две простории. Документарниот материјал по проток на определен временски период предвиден во план и листи се поништува со дадена согласност од Архив - подрачно одделение Охрид, каде се предаваат предмети од трајна архивска вредност. Во моментот на надзорот беа забележани предмети во ходникот во холот на последниот кат од судот, со намера истите да бидат предмет на поништување по добиена согласност од Архивот.

**Увидот заврши на ден 07.11.2024 во 13:00 часот.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk